Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-2951/10
17.07.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија, што го утврди на седницата, одржана на 15 јули 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд, Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд и Маја Папатолевска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.07.16 16:18:54 +02:00

Подготвил: Христина Мишевска, 15.07.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 16.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 16.07.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 16.07.2025

Одобрил: Игор Janyшев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.07.16 11:58:10 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 16.07.2025 11:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=9cbc89cc-9bcc-4581-83a3-2bc680509369&docSharePointURL=/materijali/2025/638774524068250495/Documents/act.docx&materialId=a41ebfd0-789b-42bb-aee4-0e0e05b4a2c1** |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и

Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд

ПОВЕРЕНИЦИ: Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд,

Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд и

Маја Папатолевска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија

Скопје, јули 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија („Службен весник бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 147/15 и 202/19), се уредува исплатата на платите и одделни надоместоци кај работодавачите со седиште во Република Северна Македонија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), Министерството за труд и социјална политика се преименуваше во Министерство за социјална политика, демографија и млади, а работите кои се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените и платите и животниот стандард, преминаа во надлежност на Министерството за економија и труд.

Имајќи предвид дека правната рамка треба да ја следи постоечката административна и институционална структура и дека треба да постојат јасни надлежности и одговорности на органите на управата, при што нема да се создадат правни празнини кои понатаму би довеле до правна несигурност на граѓаните, потребно е одредбите од Законот за исплата на плати да се усогласат со споменатите измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Од овие причини како и заради овозможување на конзистентност на правниот систем во државата, се пристапи кон донесување на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/19), во членот 3-б зборовите „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 2

Членот 10 се менува и гласи:

„Стапката на пораст од член 3 став 1 од овој закон, ја утврдува Министерството за економија и труд и ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.“

Член 3

Во член 11 во ставот 1 зборовите „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерот за економија и труд”.

Член 4

Во член 12-а во ставот 6 зборовите „Министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „Министерот за економија и труд”.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија содржи пет члена.

Со членовите од 1 до 4 од Предлогот на Законот се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24) со кои се врши пренесување на досега пропишаните надлежности на Министерството за труд и социјална политика во Министерството за економија и труд.

Со членот 5 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се врши усогласување на Законот за испла на платите во Република Северна Македонија со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со што ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во работите кои се однесуваат на работните односи и заштитата на работниците при работењето.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 3-б

Утврденото право на плата согласно со овој закон, може да се зголеми во случаи на организациони промени кај работодавачот, промени во квалификационата структура на вработените, промени во висината на додатокот за работен стаж на вработените, со цел да не дојде до намалување на правото на плата на вработените, по претходно потврдена пресметка од министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за финансии.

Член 10

Стапката на пораст од членот 3 став 1 ја утврдува и објавува Министерството за труд и социјална политика.

Член 11

Министерот за труд и социјална политика пропишува начин на утврдување на износот на средствата за плати, составување на пресметките и доставување до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи.

Прописот од ставот 1 на овој член ќе се донесе во рок од пет дена по влегувањето во сила на овој закон.

Министерството за финансии-Управа за јавни приходи врши контрола на примената на овој закон.

Член 12-а

(1) За прекршоците од членот 12 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.
(2) Овластените службени лица кај надлежниот орган на државната управа надлежни за спроведување на примената на овој закон, пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, се должни на одговорното лице во правното лице или од него овластено лице да му издадат прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.
(3) Овластените службени лица од став 2 на овој член се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(4) Во евиденцијата од ставот (3) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочиот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(5) Личните податоци од ставот (4) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(6) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.